# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.146 од 26.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/2005, 117/2008, 17/11, 135/11, 15/13 и 41/14), во член 82 ставот (3) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице за прекршоците од ставот (2) на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице."
Во ставот (4) зборовите: „физичко или" се бришат.
По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако основа приватна установа спротивно на одредбите од овој закон."
Ставот (5),кој станува став (6), се менува и гласи:
,,(6) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (4) на овој член."

**Член 2**

По членот 82 се додаваат три нови членови 83, 84 и 84-а, кои гласат:

**„Член 83**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

**Член 84**

(1) За прекршоците утврдени во член 82 од овој закон, државниот просветен инспектор должен е на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоци.
(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.
(3) Во записникот од став (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.
(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.
(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.
(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(7)Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(8) Министерот за образование и наукаги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

**Член 84-а**

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.“

**Член 3**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за ученичкиот стандард .

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.